# КОКЕТИРАЊЕ СО КРСТОТ

ИЗЛОЖБИ




### *Осврт кон изложбата „Крајот на векот“ на Страхил Петровски*

На почетокот - неколку биографски податоци за авторот: Страхил Петровски е роден во 1974 година во Куманово. Во 1997 година дипломирал во класата на проф. Родољуб Анастасов, а во 2000 година магистрирал на ФЛУ - Скопје под менторство на истиот професор. Зад себе има повеќе групни изложби и неколку награди. Значи, станува збор за млад и амбициозен уметник.

Оваа, втора по ред самостојна изложба на Страхил Петровски го опфаќаше (во периодот од 19 до 29 јануари 2000 г.) целиот главен изложбен простор на Музејот на градот Скопје. Овој податок не е небитен, бидејќи најспецифичното за овој проект - просторна инсталација е токму монументалноста. Во прв план е ставена монументалноста како желба и начин за наметнување уште на почеток и како желба да се привлече што е можно повеќе публика, при што понудената содржина е потисната на втор план.

Покрај доминантната монументална концепција, втор наметнат визуелен елемент на изложбата е повторливоста на еден единствен симбол - крстот. Приказната за личното доживување на светот и времето на „крајот на векот“ започнува со еден крст огромен според своите димензии, кој доминира во првата просторија. Изведен е од црно платно под кое се сместени сегменти од византиски икони. Овој дел претставува вовед во основното и традиционално религиско значење на крстот во рамките на нашата цивилизација. Потоа следуваат уште два крста, повторно со големи димензии, карактеристични за целата изложба, чија единствена функција може да се разбере како вовед во она што следува, односно како премин од она што постоело некогаш во она што постои во 20 век.

Во втората просторија, авторот се задржува на, според него, најзначајните елементи на 20 век. Тука, во неколку варијанти е изразен ставот за новото вулгаризирано значење на крстот, преку негова десакрализација како верски симбол, со што се губи и самото значење на религијата т.е. верата. Се појавуваат нови, модерни поп-икони од типот на Мерлин Монро и други, до националните икони, како што е, на пример, Гоце Делчев. Војните и сите други катастрофи на современото општество, како порнографијата, неморалноста и деградацијата на личноста, се прикажани преку колаж од разни исечоци од весници. Крстот со приказ на рендгенски снимки го означува соголувањето на човекот и неговото доведување на ниво на скелет или склоп на коски без дух.

Колку за крај, крстот е изразен преку видео бим со концептуалистичка поставеност на одредени спротивставени поими, од кои најзначајна е корелацијата меѓу поимите ред и хаос, што произлегува од претходно наведеното. Според авторот, тие две категории се тесно поврзани меѓу себе: едното произлегува од другото и обратно, редот е во хаосот, хаосот е во редот и константно се надополнуваат до бесконечност. Се јавуваат, сакајќи или не, директно или индиректно, како парадигми во сите сфери на човековото опкружување, живеење или опстојување како битие.

Но, тука е неизбежно прашањето: дали авторот сака да го исмее денешното значење на крстот или, пак, повторно да го издигне на пиедестал? Можеби токму нерешителноста во овој случај е причината за ваквото кокетирање со крстот, од што произлегува и општиот впечаток на идејна недореченост.

Ако се разгледаат сите значајни елементи на оваа изложба, се доаѓа до заклучок дека авторот го искористил, најмногу што можел, најпопуларниот сегмент на постмодерната уметност: еклектицизмот и цитирањето на веќе познати фрагменти и теми. Во согласност со наводниот постмодернистички пристап на авторот, во овој случај јас би го цитирала рускиот научник Михаил Епштејн, кој, не без иронија, вели дека во постмодерната уметност уметничкиот ефект се постигнува со свесно мешање на разни стилови. Овој автор понатаму продолжува со заклучокот дека со цитирањето на разни други автори се отвора период на „смрт на авторот“ и уметноста станува игра на цитати, отворено имитирање, позајмување и варијации на туѓи теми.

Како што веќе спомeнав, делото на Страхил Петровски изобилува со веќе видени работи и безброј заемки од светски (Казимир Малевич, Енди Ворхол итн.) и македонски уметници (Луловски, Тошевски, Шемов и други). Во тој поглед, изложбата „Крај на векот“ на Страхил Петровски претставува наједноставен училиштен пример за „постмодернистички уметник“, кој во овој случај се обидува идејните недоречености на една докрај искомерцијализирана и помалку изветвена и просечно изразена тема, успешно или помалку успешно, да ги камуфлира под превезот на визуелно привлечната монументалност.

Маја ЧАНКУЛОВСКА